Врз основа на член 56 од Законот за здравственото осигурување ("Сл.весник на РМ" бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007 и 36/2007), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 09.10.2007 година донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА СИСТЕМИ ЗА ИЛЕОСТОМИ, КОЛОСТОМИ И УРОСТОМИ, ПЛОЧКИ И ПАСТА, ШТО ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки и паста, што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 61/2006 и 41/2007), во член 2 табелата се заменува со следната табела:

Ред. број	**Назив на помагалото , материјал, резервни делови, потрошен материјал**	**Единечна цена со 5% ДДВ**
1	Едноделен систем за колостома - самолеплива кеса	**40**
2	Едноделен педијатриски систем за колостома -самолеплива кеса	**85**
3	Едноделен систем за илеостома - самолеплива кеса	**117**
4	Кеси за дводелен систем за колостома без филтер	**38**
5	Кеси за дводелен систем за колостома со активен филтер	**45**
6	Кеси за дводелен систем за илеостома	**51**
7	Кеси за дводелен систем за уростома	**68**
8	Плочки за дводелен систем	**108**
9	Паста за стома 60 гр.(алкохол)	**341**
10	Паста за стома 30 гр.	**213**

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на РМ", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-14080/4
9 октомври 2007 година
Скопје

Управен одбор
заменик на претседателот,
Снежана Костадиноска Милошеска, с.р.